**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 август 2019 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во вториот квартал од 2019 година

Во вториот квартал од 2019 година во тековните трансакции со нерезидентите е остварен дефицит од 39,4 милиони евра, главно како резултат на дефицитот во стоковната размена. Кај финансиските трансакции со нерезиденти се остварени нето-приливи од валути и депозити, трговски кредити, заеми и директни инвестиции, а нето-одливи врз основа на портфолио-инвестиции. Во вториот квартал девизните резерви се зголемија за 49,4 милиони евра.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Северна Македонија
(во милиони евра)

| | тековна година | | | претходна година | | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2019 | Кв.2 2019 | **Кв.1-2 2019** | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | **Кв.1-2 2018** | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-156.1** | **-39.4** | **-195.5** | **-144.5** | **23.9** | **-120.6** | **116.8** | -74.8 | **-63.2** | ...* | **-74.9** | 62.1 |
| Стоки | **-472.7** | **-433.9** | **-906.6** | **-463.0** | **-406.6** | **-869.6** | **38.9** | -8.2 | **-27.3** | 6.7 | **-37.0** | 4.3 |
| Услуги | **102.6** | **97.9** | **200.5** | **102.8** | **116.8** | **219.6** | **-4.7** | -4.6 | **-18.9** | -16.2 | **-19.1** | -8.7 |
| Примарен доход | **-112.4** | **-111.3** | **-223.7** | **-113.5** | **-111.2** | **-224.7** | **1.1** | -1.0 | **-0.1** | 0.1 | **1.0** | -0.4 |
| Секундарен доход | **326.4** | **407.9** | **734.3** | **329.2** | **424.8** | **754.0** | **81.5** | 25.0 | **-16.9** | -4.0 | **-19.8** | -2.6 |
| **Капитална сметка** | **0.6** | **0.1** | **0.7** | **0.3** | **0.2** | **0.6** | **-0.5** | | **-0.1** | | **0.1** | |
| **Финансиска сметка** | **-154.7** | **-24.6** | **-179.2** | **-159.8** | **37.3** | **-122.5** | **130.1** | | **-61.8** | | **-56.7** | |
| Директни инвестиции | **-41.2** | **-7.6** | **-48.7** | **-235.4** | **-74.1** | **-309.6** | **33.6** | | **66.5** | | **260.8** | |
| Нето-стекнување средства | **179.2** | **111.1** | **290.3** | **64.2** | **57.3** | **121.5** | **-68.1** | | **53.8** | | **168.8** | |
| *Сопственички капитал*** | **3.3** | **5.5** | **8.8** | **0.5** | **0.7** | **1.1** | **2.2** | | **4.8** | | **7.7** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **3.3** | **1.6** | **4.9** | **3.7** | **0.9** | **4.5** | **-1.6** | | **0.8** | | **0.4** | |
| *Должнички инструменти* | **172.6** | **104.0** | **276.6** | **60.0** | **55.8** | **115.8** | **-68.7** | | **48.2** | | **160.8** | |
| Нето-создавање обврски | **220.3** | **118.7** | **339.0** | **299.6** | **131.4** | **431.0** | **-101.6** | | **-12.7** | | **-92.0** | |
| *Сопственички капитал*** | **78.8** | **45.1** | **123.9** | **13.0** | **22.3** | **35.3** | **-33.8** | | **22.8** | | **88.6** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **93.8** | **16.3** | **110.1** | **99.3** | **26.2** | **125.5** | **-77.5** | | **-9.9** | | **-15.4** | |
| *Должнички инструменти* | **47.7** | **57.3** | **105.0** | **187.3** | **83.0** | **270.3** | **9.6** | | **-25.7** | | **-165.3** | |
| Портфолио инвестиции | **22.3** | **18.3** | **40.6** | **-368.6** | **1.5** | **-367.2** | **-4.0** | | **16.8** | | **407.8** | |
| Валути и депозити | **35.2** | **-30.0** | **5.3** | **80.2** | **72.8** | **153.1** | **-65.2** | | **-102.8** | | **-147.8** | |
| Заеми | **-16.8** | **-25.6** | **-42.4** | **47.5** | **-57.1** | **-9.6** | **-8.8** | | **31.5** | | **-32.9** | |
| Трговски кредити | **-148.7** | **-28.7** | **-177.4** | **59.9** | **33.9** | **93.9** | **120.1** | | **-62.6** | | **-271.3** | |
| Девизни резерви | **-5.6** | **49.4** | **43.8** | **256.6** | **60.9** | **317.6** | **54.9** | | **-11.5** | | **-273.7** | |

...* индексот е над 100.
** Сопственички капитал, освен реинвестирањето на добивката

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.
Извор: НБРСМ.

## *Тековна сметка*

Во вториот квартал од 2019 година во тековните трансакции со нерезиденти се остварени дефицити кај стоковната размена (433,9 милиони евра) и кај примарниот доход (111,3

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

милиони евра), коишто ги надминаа приливите кај секундарниот доход и размената на услуги (407,9 и 97,9 милиони евра, соодветно).

Споредено на квартална основа, подобри остварувања имаат сите компоненти на тековната сметка, со исклучок на подбилансот на услуги, што доведе до остварување позитивна квартална промена (стеснување на дефицитот во тековната сметка) од 116,8 милиони евра. Најзначајни подобрувања на квартална основа се остварени кај секундарниот доход и кај размената на стоки (81,5 милиони евра и 38,9 милиони евра, соодветно), делумно неутрализирани преку малку послабите остварувања во размената на услуги (за 4,7 милиони евра).

Во споредба со вториот квартал од минатата година, кога беше остварен суфицит, во овој квартал е остварен дефицит во тековната сметка. Промената на салдото на тековната сметка на годишна основа е негативна и изнесува 63,2 милиона евра. Гледано преку придонесот на поодделните компоненти, годишната промена во најголем дел се објаснува со повисокиот дефицит кај размената на стоки (27,3 милиони евра), како и намалениот суфицит во размената на услуги и кај секундарниот доход (18,9 милиони евра и 16,9 милиони евра, соодветно).







Извор: НБРСМ.

## ***Финансиска сметка***

Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во вториот квартал од 2019 година се остварени нето-приливи од 24,6 милиони евра. Анализирано по категории, нето-приливи се евидентирани кај валутите и депозити (30 милиони евра), трговските кредити (28,7 милиони евра), заемите (25,6 милиони евра) и директните инвестиции (7,6 милиони евра), додека нето-одливи се забележани единствено кај портфолио-инвестициите (18,3 милиони евра). Девизните резерви бележат зголемување за 49,4 милиони евра.

Нето-приливите од 7,6 милиони евра кај директните инвестиции во овој квартал се резултат на сопственичкиот капитал (39,5 милиони евра) и реинвестираната добивка (14,7 милиони евра), додека меѓукомпанискиот долг предизвика намалување на директните инвестиции (46,6 милиони евра).

Во вториот квартал од 2019 година, обврските врз основа на директни инвестиции[2] се зголемија за 118,7 милиони евра, како резултат на растот на обврските кај сите категории: меѓукомпаниски долг (57,3 милиони евра), сопственички капитал (45,1 милион евра) и реинвестирана добивка (16,3 милиони евра).

Средствата врз основа на директни инвестиции се зголемија за 111,1 милион евра, главно како резултат на зголемените побарувања врз основа на меѓукомпаниски долг (104 милиони евра).

Во вториот квартал од годината, нето-побарувањата врз основа на портфолио-инвестиции се зголемени за 18,3 милиони евра, во најголем дел како резултат на вложувањата на домашните субјекти во странски должнички и сопственички хартии од вредност (12,5 и 6,3 милиони евра, соодветно).

Во разгледуваниот квартал, нето-приливите врз основа на заеми од 25,6 милиони евра во најголем дел произлегуваат од нето-приливите кај останатите сектори[3] (28,6 милиони евра) и кај секторот „депозитни институции" (10,2 милиона евра), додека кај секторот „држава" се остварени нето-одливи во износ од 14,7 милиони евра.

Во првата половина од годината, нето-приливите од трговски кредити (177,4 милиони евра), директни инвестиции (48,7 милиони евра) и заеми (42,4 милиона евра), ги надминаа нето-одливите врз основа на портфолио-инвестиции (40,6 милиони евра) и валути и депозити (5,3 милиони евра), што овозможи целосно финансирање на дефицитот на тековната сметка и зголемување на девизните резерви за 43,8 милиони евра.

Од аспект на структурата на директните инвестиции во првата половина на годината, нето-приливите од 48,7 милиони евра во најголем дел се резултат на вложувањата во сопственички капитал (115,1 милион евра) и реинвестирана добивка (105,2 милиона евра), додека меѓукомпанискиот долг предизвика намалување на директните инвестиции (171,6 милиони евра).

---

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРСМ.

## ***Ревизии на податоци***

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – март 2019 година заради подобрување на нивниот квалитет. Притоа, во тековната сметка ревизијата на податоците придонесе за намалување на дефицитот за 6,3 милиони евра, главно како резултат на зголемување на суфицитот кај размената на услуги (за 4,3 милиони евра).

Кај финансиската сметка со ревизијата се зголемија нето-одливите кај трговските кредити за 20,5 милиони евра, се намалија средствата врз основа на директни инвестиции за 14,9 милиони евра и се зголемија обврските од директни инвестиции за 4,7 милиони евра.

Ревизијата на податоците доведе до намалување на грешките и пропустите за периодот јануари – март 2019 година (за 3,5 милиони евра).

## ***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 29 ноември 2019 (референтен период, заклучно со септември 2019 година).

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нѐ на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).